Врз основа на член 3 од Законот за матичната евиденција („Службен весник на Република Македонија„ бр.08/95, 38/02 ,66/07, 98/08, 67/09) директорот на Управата за водење на матичните книги донесува :

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За измена и дополнување на Решението за определување на матични подрачја**

Во решението за определување на матичните подрачја бр.01-1833/1 од 22.12.2010 година( „Службен весник на Република Македонија„ бр.167/10) во точка 1 зборовите „Радуша, Рудник Радуша и Дворце„ се бришат.

Во точката 32 зборот „Брачовце„ се заменува со зборот „Врачовце„

Во точка 46 по зборовите „ умрени за Штип„ се додаваат зборовите:„ Три чешми, Судиќ, Тестемелци, Врсаково, Криви Дол, Сарчиево, Сушево и Доброшани„.

Точка 49 се брише.

Во точка 61 зборот „Кучичино„ и зборот „ Зрновци„ се бришат.

По точка 61 се додава нова точка 61-а која гласи:„Матичното подрачје Зрновци води матични книги на родени и умрени за населените места: Зрновци, Мородвис и Видовиште„

Во точка 62 по зборот „Уларци„ се додава зборот „Кучичино„.

По точка 62 се додава нова реченица која гласи: „Матичните книги на родени и матичните книги на умрени за населеното место Кучичино се водат во канцеларија Чешиново„.

Во точка 69 по зборот „Водоча„ се додава зборот „Вељуса„.

Во точка 70 по зборот „Три води„ се додаваат зборовите:„Костурино, Дорломбос, Мемешли, Орманли, Злешево, Попчево, Белотино, Рич, Раборци, Чепели„.

Во точка 74 по зборот „Барбарево„ се додаваат зборовите:„ Дражево, Смолари, Старо Коњарево, Мокриево, Габрово, Колешино, Борисово, Мокрино.

Точка 75 се брише.

Во точка 76 по зборот „Радичево„ се додаваат зборовите:„ Добрашинци, Нова Маала, Висока Маала, Сушево, Чанаклија, Нивичино, Кушкулија.

Во точка 81 по зборот „Грчиште„ се додава зборот „Плавуш„.

Во точка 89 зборот „Секираник„„ се заменува со зборот „Секирани„.

Во точка 90 зборот „Зовиќ 1„ се заменува со зборовите „Зовиќ 1 и Зовиќ 2„.

Во точката 92 по зборот „Доленци„ се додаваат зборовите: „ Цапари и Ротино„.

Во точка 112 зборовите:„ Доленци, Брезово, Зашле, Бабино, Базерник, Мало Илино, Големо Илино, Железнец„ се бришат.

Во точка 112 по зборот „Утово„ се додаваат зборовите: „ Смилево, Боиште и Обедник„.

Во точка 113 зборовите.„ Смилево, Боиште, Обедник„ се бришат.

**Во точка 113 по зборот „Церово„ се додават зборовите:„Доленци, Брезово, Зашле, Бабино, Базерник, Мало Илино, Големо Илино, Железнец.**

**Во точка 114 по зборот „Борино„, се додаваат зборовите:„ Пуста Река, Горно Дивјаци, Долно Дивјаци, Арилево, Растојца„.**

**Во точка 123 по зборот „Расино„, се додаваат зборовите:„ Куратица, Опеница, Плаќе, Речица, Свиништа и Завој„.**

**Точка 125 се брише.**

**Во точка 164 по зборот „Жеровјане„ се додава зборот „Гургуница„.**

**Во точка 165 зборот „Гургуница„ се брише.**

**Во точка I.2 зборовите: „Три Чешми, Добрашинци, Завој„ се заменуваат со зборот „Зрновци„.**

**IIм.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија„.**